*Датум: 13.08.2013, 20:01*

Ми се допаѓа 1

МУЗЕЈСКИТЕ ДЕЈНОСТИ ГО ЗАЗЕМААТ ГАЛЕРИСКИОТ ПРОСТОР

# СЛИКАРИТЕ ГО ГУБАТ ГРАДСКИОТ ИЗЛОЖБЕН ПРОСТОР



Ликовните уметници велат дека полека го губат најатрактивниот градски изложбен простор - Музејот на град Скопје, а од институцијата велат дека сега има ред во работењето. Стастиката говори дека пред пет години Министерството за култура поддржало повеќе од 20 ликовни изложби во музејските галерии во објектот за повремени изложби, а годинава се финансирани само пет.

Според сликарот Сергеј Андреевски, работата на сите институции за изложбени дејности, вклучувајќи ги и Националната галерија на Македонија и Музејот на современата уметност е намалена, иако тоа им е примарна дејност. Тој вели дека круна на неактивноста во последно време е Музејот на град Скопје.

- Сосема ми е јасно дека некогаш бил музеј со постојана археолошка поставка, но таму имаше и две фантастични галерии, кои одлично функционираа. Тие придонесуваа за потребата од духовна храна во Скопје, кој веќе стана милионски град. Има и Факултет за ликовна уметност, кој продуцира нови автори, а тие треба некаде да излагаат. Наместо да се отвораат нови, се затвораат салоните и галериите. Устата пена ми фати од давање изјави, но тоа никој не го интересира. И навистина мислам дека ништо нема да се промени. Единствено, по нас ќе дојдат умни луѓе, па кога ќе го прочитаат ова, нека остане како паметник дека сите не сме мислеле исто - вели Андреевски.

Се бара ниво

Директорката на Музејот, Љубица Кондијанова, објаснува дека кога дошла на раководната позиција на институцијата затекнала галерија, а сите други музејски дејности биле запоставени. Таа е категорична дека галериската е само еден аспект од целокупната музејска дејност и така треба да се третира.

- Годинава добивме проекти за конзервација на муралите од Борко Лазески, за конзервација на две стари книги, монети и на икони. Музеј не значи само галериска дејност, туку и археолошки ископувања, документација, презентација. Има одделение за историја на уметноста, за архитектура. Министерството за култура издвои пари и за одржување на археолошкиот локалитет Скупи. Имаме и многу капитални инвестиции преку градот Скопје - вели Кондијанова.

Таа додава дека во рамките на музејот има две галерии со постојани поставки, донациите од Љубомир Белогаски пред 20 години и на Родољуб Анастасов, преклани. Вели дека потврда за доброто работење на институцијата е наградата за најдобар музеј за 2012 година, која му ја додели Националниот комитет на Советот на музеи ИКОМ. За водење на галериската дејност формирала тело, составено од тројца искусни кустоси - Дора Андова-Фотева, Емил Алексиев и Лазо Плавевски.

- Професионалната политика во куќава ја водат кустосите, а финансиската јас како директор. Едно без друго не може. Не се намали галериската дејност, напротив, се воведе ред. Не доликува во музеј од ваков ранг да се излагаат студентски проекти. Сепак, ниту оваа група уметници не се запоставени, оти ја доделуваме наградата „Борко Лазески“ - вели Кондијанова.

Да се покрие со инсталација

Мултимедилајниот ликовен уметник Александар Станкоски реализирал две изложби во Музејот на град Скопје, кој го оценува како импресивен простор во самиот центар на градот.

- Луѓе што се шетаат влегуваат и стануваат дел од таа завидна посетеност што ја има. Но, овој музеј треба да добие нов лик за да не изгледа како руина - категоричен е Станкоски.

Тој дава неколку размислувања зошто би можела да се намали галериската дејност во овој простор, а тоа „веројатно зависи од раководството на институцијата и политиката што ја спроведува“.

- Можеби ја фаворизираат музејската дејност, а не галериската. Или организираат помалку изложби за да ги видат што повеќе луѓе. Или причина е недостиг од средства, па поради финансиската криза се редуцирани изложбите - вели Станкоски.

Тој смета дека треба да се најде начин, на пример, да се покрие со челично-стаклена конструкција, која би го обвила, па самиот музеј да стане дел од поставката, ентериер во таа инсталација и веќе да не предизвикува мачни чувства и сеќавања на земјотресот.

- Во секој случај, тоа е значаен музеј за Скопје, каде што се одвиваат голем дел од ликовните активности и се

НАЈНОВИ ВЕСТИ


Прв пат финале во ЛШ ќе се игра на „покриен“ стадион, се стравува од дронови


Беса не сака компромиси, СДСМ вели дека до понеделник ќе преговара


Астрофизичарот Стивен Хокинг прв, тројца Хрвати на листата на 30 најинтелигентни луѓе на светот


Концерт на култните „Лачни Франз“ на платото пред МОБ


Пратеникот од СДСМ Павле Богоевски учествувал и организирал

1 2 3 4 5 6 7 8 9 10

facebook


Dnevnik / Дневник
61,364 likes
Like Page Share

НАЈКОМЕНТИРАНО НАЈЧИТАНО ПРИЈАТЕЛИ

Бугарите му се настрвија на Путин поради писменоста од македонската земја

Болни амбиции и државно раскрчмување

Загадување посилно од судбината

Фашистички калифат

Пентагон не знае каде е оружјето вредно милијарда долари за ирачката армија

отвораат навистина добри изложби. Единствено му фали аутфит за да не изгледа како руина - дециден е Станкоски.

**Весна И. Илиевска**

#

Препорачај One person recommends this. Be the first of your friends.

## ОСТАНАТИ ВЕСТИ

- Книга од Силјан на романски јазик
- Културна офанзива на КИЦ во Софија
- Праизведба на Албанскиот театар на Охридско лето Со „Живот под кирија“ зад кулисите во театарот

**Оставете коментар за објавената вест**

Од кого:

Коментар:

*Внесете го кодот во празното поле

4290

КОМЕНТИРАЈ

**graganin**, 14.08.2013 07:29:34

Konecno vo MUZEJOT na grad Skopje mozeme da vidime i muzejski postavki od bogatoto kulturno ziveenje na Skopje i skopsko od praistorijata do denes. Svedok sum bil kako odlicni istoriski, arheoloski, arhitektonski i drugi postavki bile simnuvani po samo mesec dena, za da otstapat mesto na likovni izlozbi, zatoa sto muzejot raspolaga samo so dve izlozbeni sali. Isto taka kako zitel vo neposredna blizina na muzejot sum svedok na golema posetenost od stranski i domasni gosti. Sigurno ne bi vleguvale ako nema sto da vidat.

**gradski muzealec**, 14.08.2013 09:51:40

Сосема ми е јасно дека некогаш бил музеј со постојана археолошка поставка, но таму имаше и две фантастични галерии, кои одлично функционираа . NO COMMENT. Vo Muzejo na grad Skopje raboti i otvorenoto graficko studio, koe go vodi akademskiot slikar Atanas Botev, vo koe cela godina rabotat mladi umetnici i se odrzuvaat 20-tina izlozbi. Za zal,nema prostor za prezentacija na respektabilnata zbirka na ikoni so koi raspolaga muzejot.

**kustos**, 14.08.2013 10:47:36

Dali znaete deka vo momentov raboti 8 likovna kolonija, vo organizacija na muzejot? I dali primetuvate deka eden muzej stavivte na tapet zaradi galeriska dejnost? I dali nekoj razlikuva sto e muzej, a sto galerija?

**археолог!!!!!!!!!!!!**, 14.08.2013 11:05:54

Музејот на град Скопје,единствена таква институција во градот пред се мора да ја обавува основната дејност а тоа е музеологијата , заштитата на културното наследство и негова презентација.Од таму неразбирам зошто некој сака од музеј ,оваа институција да стане галерија.Колку галерии има во градот а колку музеи ? Овој музеј изминатите години се претвори во изложбено-галериски простор и повеќе бевме сведоци на отварање на ликовни изложби а само нотирани беа изложбите за презентација на културното наследство. Се прашувам колку ли само енергија треба нешто да се извади од земја па да се конзервира и истите тие артефакти да се презентираат?

**лиле**, 14.08.2013 11:10:15

На градот Скопје му треба Музеј галерии има. Ако музејот ја фаворизира само ликовната дејност ,тогаш нема да биде музеј ќе биде галерија. Впрочем и Андеевски вели дека овој простор бил музеј. ТАКА И ДА ОСТАНЕ





АНТЕНА >>




ПУБЛИКА >>




ЗДРАВЈЕ >>